ЗАБЕЛЕШКИ
на Предлог Закон за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување

Подносител
Билјана Јованоска

Пет препораки за законодавецот:

Иако Предлог Законот нуди воведување на 3 портфолија, на место досегашното едно, што е за поздравување, сепак не нуди ништо ново во поглед на **заштита на правата на идните пензионери**, поради што предлагам разгледување на следниве точки и воведување на:

1. **Годишно законско намалување на надоместоците кои пензиските осигуреници ги плаќаат на пензиските друштва во период од 5 години**

2. **Воведување на поимите Загарантиран принос и Гарантен депозит**

3. **Промена на Правилникот за начинот и постапката на маркетинг на пензиски фондови**

4. **Воведување на поимот Независен член на Надзорен Одбор, чија основна функција е заштита на правата на идните пензионери**

5. **Законски задолжително издвојување на парични средства од профитот на пензиските друштва за финансиска писменост на населението**

Во продолжение на Документов следува образложение на сите погоре наведени барања, како и искуствата на Хрватска, како членка на ЕУ, но и со која имаме најсличен пензиски систем.

1. Годишно законско намалување на надоместоците кои пензиските осигуреници ги плаќаат на пензиските друштва во период од 5 години

А) Состојби кои произлегуваат од постоечкиот Закон

Согласно постоечкиот Закон за задолжително капитално финансиско осигурување, надоместоците (**Надоместок од придонеси и Надоместок за управување**) што пензиските осигуреници ги плаќаат кон **пензиските друштва ги одредуваат самите друштва, меѓутоа истите се ограничени со Законот.**

Законски за надоместоците е одредено максимално ниво - 2% за Надоместокот од придонеси и 0,03% месечно за Надоместокот за управување.

Во моментов Надоместокот од придонеси изнесува 1,70% од секоја месечна уплата, а Надоместокот за управување изнесува 0,03% на месечно ниво од износот на индивидуалната сметка на секој осигуреник.

Пензиските друштва во 2023 година го намалија Надоместкот од придонеси на 1,90%: во 2024 година на 1,80%, а од 2025 надоместокот изнесува 1,70%.

Меѓутоа, **Надоместокот за управување не е намален од 2019 година**, а **средствата со кои управуваат пензисите друштва порасна од ЕУР 1,230,000,000 во 2019 година на ЕУР 3,050,000,000**, што доведе до значителен пораст на **нивниот приход по основ Надоместок за управување- од ЕУР 4,400,000 во 2019 година на ЕУР 10,800,000 во 2025 година.**


Во продолжение следат инфографици кои поблиску го илустрираат следново:

- **Инфографик I** - Износ на вкупни надоместоци кои пензиските осигуреници ги имаат платено кон пензиските друштва (вкупно ЕУР 137,000,000)


- **Инфографик II** - Историско движење на вкупните надоместоци во проценти (%) во корелација со вкупно платените надоместоци

- **Инфографик III** - Историско движење на вкупните средства со кои управуваат пензиските фондови и број на пензиски осигуреници (идни пензионери).


Инфографик I - Износ на вкупни надоместоци кои пензиските осигуреници ги имаат платено кон пензиските друштва



Инфографик II - Историско движење на вкупните надоместоци во проценти (%) во корелација со вкупно платените надоместоци



Инфографик III - Историско движење на износот на средства на управување и бројот на пензиски осигуреници



Б) Состојби кои ќе произлезат од решенијата во Предлог Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување

Со Предлогот членот 98 се менува и гласи:

„ (1) Друштвото и друштвото за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови може да ги наплатува единствено следните надоместоци:

а) надоместок од придонес како процент од секој уплатен придонес по вид на портфолио во задолжителен пензиски фонд, пред претворање на средствата во сметководствени единици. **Висината на надоместокот ја определува друштвото, но таа не може да надмине 1,5% од секој уплатен придонес, освен за конзервативно портфолио каде висината на надоместокот не може да надмине 0,5% од секој уплатен придонес;**

б) месечен надоместок од вредноста на нето средствата на задолжителниот пензиски фонд, за покривање на трошоците на друштвото или друштвото за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови, за управувањето со задолжителниот пензиски фонд. **Висината на надоместокот ја определува друштвото, но таа не може да надмине 0,03% од вредноста на нето средствата, освен за конзервативно портфолио каде висината на надоместокот не може да надмине 0,01% од вредноста на нето средствата.** „

Во продолжение е **Табела 1** - движење на бројот на пензиски осигуреници (идни пензионери) по години од основање на задолжителните пензиски фондови заклучно 2025 година, и категоријата 56+ години.

Година	Вкупен број осигуреници	у/у пораст	Категорија 56+	% од вк. број осигуреници
2025	**630,396**	**19,541**	**20,970**	**3.33%**
2024	610,855	17,832	14,172	2.32%
2023	593,023	20,929	8,504	1.43%
2022	572,094	21,617	3,529	0.62%
2021	550,477	20,494	933	0.17%
2020	529,983	22,427	651	0.12%
2019	507,556	17,521	436	0.09%
2018	490,035	32,769	8,333	1.70%
2017	457,266	30,241	6,516	1.42%
2016	427,025	21,737	5,197	1.22%
2015	405,288	32,137	4,293	1.06%
2014	373,151	23,111	3,243	0.87%
2013	350,040	26,560	2,870	0.82%
2012	323,480	26,849	2,191	0.68%
2011	296,631	29,661	1,667	0.56%
2010	266,970	29,946	3,211	1.20%
2009	237,024	41,884	2,202	0.93%
2008	195,140	32,487	4,060	2.08%
2007	162,653	34,622	1,594	0.98%
2006	**128,031**		**1,117**	**0.87%**

Табела 1.

Податокот за Бројот на осигуреници во Категоријата 56+ е битен бидејќи согласно член 58 од Предлог Законот, лицата од оваа категорија влегуваат во т.н конзервативно портфолио каде надоместоците се 0,5% за Надоместок од придонеси и 0,01% на месечна основа за Надоместок за управување. Тоа практино значи дека сите останати пензиски осигуреници (идни пензионери) , односно повеќе од 95% од вкупниот број на осигуреници ќе плаќа 1,50% Надоместок од придонеси, и ПОВТОРНО 0,03% на месечно ниво за

Надоместок за управување.

Согласно Инфографикот II и III, при непроменет процент на Надоместокот за управување, а со постојана кумулација на средствата со кои управуваат пензиските друштва и пораст на бројот на пензиски осигуреници, нивниот профит од Надоместокот за управување расте експоненцијално, на штета на висината на идните пензии на осугурениците, посебно земајќи го во предвид т.н compounding effect.

Надоместоците кои ги наплаќаат пензиските друштва, согласно член служат за покривање на нивните трошоци, но последниве години нивната вкупна добивка ја исплаќаат целосно или скоро целосно како дивиденда на своите акционери. (Ова се однесува на КБ Прво пензиско друштво и Сава пензиско друштво, но не и на Триглав пензиско друштво кое иако постои од 2019 година, сеуште работат со оперативна загуба).

Понатаму, со воспоставување на вториот пензиски столб КБ Прво пензиско друштво и Сава пензиско друштво (во тој момент НЛБ пензиско друштво) добија 128,031 пензиски осигуреници т.е клиенти. Тој број во 2025 година е пораснат на 630,396, но сепак сеуште околу 330,797 немаат потпишан договор со ниту едно пензиско друштво, а 32,181 се времено распределени. Тоа значи дека ќе бидат распределени во соодветно портфолио согласно нивната возраст, според член 58.

Така, пензиските друштва ќе можат да продолжат со наплаќање на високи надоместоци и да остваруваат нереални профити на штета на идните пензионери.

Година	Вкупни средства	Вкупни средства (ЕУР)	Годишен пораст (во ЕУР)
2025	188,344,520,000	**3,062,512,520**	**414,481,138**
2024	162,853,930,000	2,648,031,382	449,551,382
2023	135,206,520,000	2,198,480,000	352,267,642
2022	113,542,060,000	1,846,212,358	128,144,667
2021	105,661,163,000	1,718,067,691	299,253,057
2020	87,257,100,000	1,418,814,634	189,598,374
2019	75,596,800,000	1,229,216,260	182,831,382
2018	64,352,670,000	1,046,384,878	120,990,244
2017	56,911,770,000	925,394,634	144,090,244
2016	48,050,220,000	781,304,390	131,674,634
2015	39,952,230,000	649,629,756	112,409,431
2014	33,039,050,000	537,220,325	98,526,016
2013	26,979,700,000	438,694,309	95,213,008
2012	21,124,100,000	343,481,301	83,006,829
2011	16,019,180,000	260,474,472	58,171,382
2010	12,441,640,000	202,303,089	60,204,553
2009	8,739,060,000	142,098,537	60,724,878
2008	5,004,480,000	81,373,659	30,577,398
2007	3,123,970,000	50,796,260	**30,608,618**
2006	1,241,540,000	**20,187,642**	


Табела 2.

Табелата 2. го покажува порастот на средствата со кои управуваат пензиските фондови од нивното основање до 2025 година. Од ЕУР 20 милиони во 2006 година нараснале на над ЕУР 3 милијарди во 2025 година. Исто така, и годишниот пораст на средствата е значителен - од ЕУР 30 милиони во 2007 во споредба со 2006 на над ЕУР 400 милиони за 2025 во однос на 2024.

<u>Проекции за идното движење на профитот на пензиските друштва доколку не се доработи членот 98</u>

Иако за сосема точни проценки на идните движења потребни се актуарски пресметки, сепак од претходно наведените податоци може со голема сигурност да се претпостви:

Инфографик IV - Проекции на профит на пензиските друштва за 2026 - 2031



Користени претпоставки:

Зголемување на средствата за упправување за ЕУР 400 милиони за 2026 година, и ЕУР 450 милиони за 2027 година; зголемување на бројот на членови за 25,000 за 2026 и 2027 година.

За донесување на новиот Закон би било потребно оклу 6 месеци; на пензиските друштва им е дозволен перион од 12 месеци за прилагодување на новите промени, што значи дека најмалце до крајот на 2027 година зголемувањето на профитот на пензиските друштва би бил согласно Инфографик IV (што е конзервативна претпоставка), односно сеуште ќе важат постоечките проценти: 1,70% за Надоместок од придонеси и 0,03% на месечно ниво Надоместок за управување.

Понатаму, согласно член 58 (4) од Предлог Законот и Табела 1. , како и фактот дека сеуште околу 330,797 немаат потпишан договор со ниту едно пензиско друштво, а 32,181 се времено распределени, упатува на тоа дека **<u>пензиските друштва продолжуваат да имаат ЗАКОНСКА ДОЗВОЛА</u>** да продолжат со наплаќање на нереално високи надоместоци, на штета на висината на идните пензиски примања на пензиските осигуреници.

Проекција на движење на профитот на пензиските друштва согласно Предлог Законот

Година	Вкупни средства (ЕУР)	Надоместок за управување (0,03% месечно односно 0,36% годишно)	Надоместок од придонеси (1,50% месечно)	ВКУПЕН ПРОФИТ
2031	**6,100,000,000**	**21,960,000**	**9,000,000**	**30,960,000**
2030	5,500,000,000	19,800,000	9,000,000	28,800,000
2029	4,900,000,000	17,640,000	6,750,000	24,390,000
2028	4,450,000,000	16,020,000	6,750,000	22,770,000
2027	4,000,000,000	14,400,000	8,100,000	22,500,000
2026	3,460,000,000	12,456,000	6,000,000	18,456,000
2025	**3,062,512,520**	**10,829,872.88**	**5,053,794.72**	**15,883,667**

Табела 3.

Согласно бројните образложенија од потрбата за годишно законско намалување на надоместоците, во продолжение следува проекција на движењето на профитот на пензиските друштва во периодот од 2026 до 2031 со предлог намалувања на надоместоците.

Година	Вкупни средства (ЕУР)	Надоместок за управување (месечно)	(годишно)	Профит 1	Надоместок од придонеси (месечно)	Профит 1	ВКУПЕН ПРОФИТ
2031	**6,100,000,000**	**0.013%**	**0.15%**	**9,150,000**	**1.30%**	**7,800,000**	**16,950,000**
2030	5,500,000,000	0.015%	0.18%	9,900,000	1.30%	7,800,000	17,700,000
2029	4,900,000,000	0.018%	0.21%	10,290,000	1.50%	6,750,000	17,040,000
2028	4,450,000,000	0.02%	0.24%	10,680,000	1.50%	6,750,000	17,430,000
2027	4,000,000,000	0.025%	0.3%	12,000,000	1.50%	8,100,000	20,100,000
2026	3,460,000,000	0.03%	0.36%	12,456,000	1.50%	6,000,000	18,456,000
2025	**3,062,512,520**	**0.03%**	**0.36%**	**10,829,872**	**1.70%**	**5,053,794.7**	**15,883,667**

Табела 4.

ЦЕЛ на доработка на членот 98:

Зголемената заштита на правата на идните пензионери преку годишно законско намалување на надоместоците кои пензиските осигуреници ги плаќаат на пензиските друштва во период од 5 години.

ЗАКЛУЧОК:

Согласно сите наведени податоци, повеќе од разумно и неопходно е барањето за доработка на членот 98 во насока на дефинирање на законско годишно намалување на Надоместоците, посебно на Надоместокот за управување со средствата:

1. Истата одредба е секогаш присутна во хрватскиот закон за пензиски друштва, но и **анализите на ОЕЦД** во врска со пензиските системи укажуваат на потребата од јасно дефинирање на истиот поради **неговиот прогресивен пораст на штета на висината на идните пензии.**

2. Истото е констатирано и во **Стратешкиот план на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување за пеиодот 2024 -2028 година, поднаслов "За посигурни пензиски денови" :**

Цел 1.3 - Работење на постојано намалување на влијанието кое го имаат надоместоците кои ги наплатуваат пензиските друштва на пензиите на членовите на пензиските фондови со тоа што ќе се обезбеди надоместоците да бидат одраз на ефикасен систем на капитално финансирано пензиско осигурување.

Високите надоместоци значително може да влијаат на вредноста на идните пензии и затоа треба да се одржуваат на минимално ниво, што ќе им овозможи на пензиските друштва да остварат соодветен приход во однос на трошоците што ги остваруваат. Во Република Северна Македонија не постои доволна конкуренција помеѓу пензиските друштва (иако во 2022 година започна со работа и четврто пензиско друштво) за да се постигнат тие ефекти, но и меѓународното искуство покажува дека конкуренцијата како фактор нема постигнато значително влијание во намалувањето на надоместоците. Затоа максималните износи на надоместоците се утврдуваат со закон.

3. Поради постојаното зголемување на средствата за управување пензиското друштво КБ Прво пензиско друштво веќе има испреговарано со банката-чувар годишно намалување на провизиите кои ги плаќаат, а согласно Извештајот на Советот на експерти од 29/01/2026 Сава пензиско друштво добива одобрение за менување на договорот со нивната банка - чувар. КБ Прво пензиско друштво управува со ЕУР 1,5 милијарди, а Сава пензиско друштво со ЕУР 1,3 милијарди.

МАПАС повторно ги намали трошоците ѓто ги наплаќа на пензиските друштва од 0,7% на 0,6%, но **ништо од ова се нема прелеано во намалување на надоместоците кои ги плаќаат пензиските осигуреници кон пензиските друштва.**

2. Понатамошна заштита на правата на идните пензионери преку воведување на поимите:

- Загарантиран принос
- Гарантен депозит

А) Состојби кои произлегуваат од постоечкиот Закон

Постоечкото законско решение не ги препознава поимите Загарантиран принос и Гарантен депозит, што практично значи дека висината на идните пензии на осигурениците зависи од приносот што ќе го остварат пензиските друштва од вложувањето на средствата во дозволените финансиски инструменти, а не одговараат директно за успешноста од вложувањата.

Дури, согласно постоечкиот закон член 125 Буџетот на РС Македонија одговара за евентуални штетни настани од кражба, измама и проневера (но не и во случај на загуба на вредноста на средствата на пензискиот фонд во случај на инвестирање спротивна на Законот), што во крајна линија се сведува на тоа да нивните загуби во врска со нашите пензии да ги покриваме од нашите даночни обврски, односно губиме по 2 основи.

Б) Состојби кои ќе произлезат од решенијата во Предлог Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување

Во новото Предлог решение се пропушта можноста за зголемена заштита на правата на идните пензионери, што е вообичаена пракса.

За пример повторно ќе ја земам Хрватска, како земја членка на ЕУ, но чиј пензиски систем исто така има најголема сличност со структурата на нашиот пензиски систем.

Во хрватскиот закон за пензиски друштва постојат поимите на Загарантиран принос и Гарантен депозит, (цитирани подолу), а се однесуваат на:

- Загарантиран принос

(1) На секој член на пензиски фонд му **се гарантира принос еднаков на референтниот принос на соодветната категорија пензиски фондови**, намален за дванаесет процентни поени во пензиски фонд од категорија А, шест процентни поени во пензиски фонд од категорија Б и три процентни поени во пензиски фонд од категорија В.
(2) Референтната стапка на принос на пензиските фондови се пресметува за претходната календарска година за секоја категорија пензиски фондови како пондерирана аритметичка средина од просечните годишни стапки на принос на сите пензиски

фондови од истата категорија за периодот од претходните три календарски години, каде што пондерот е учеството на нето вредноста на средствата на поединечен пензиски фонд во вкупната нето вредност на средствата на сите пензиски фондови од истата категорија на последниот работен ден од календарската година.
(3) **Доколку просечниот годишен принос на пензискиот фонд во периодот од претходните три календарски години е помал од гарантираниот принос согласно став 1 од овој член, пензиското друштво ја исплатува разликата на пензискиот фонд до гарантираниот принос од гарантниот депозит,** а доколку тој не е доволен, од акционерскиот капитал на пензиското друштво до максимум 50% од акционерскиот капитал на пензиското друштво.
(4) Пресметката на гарантираниот принос согласно овој член се врши во јануари секоја година за претходната календарска година, на начин и во рок пропишан од Агенцијата во прописите. ”

- **Гарантен депозит**

” **(1) Пензиското друштво е должно да одржува гарантен депозит за секои десет илјади членови над педесет илјади членови од сите категории пензиски фондови со кои управува.**

(4) Гарантниот депозит може да се чува на посебна трансакциска сметка кај депозитарот што е заштитена од извршување од трети страни или инвестирана во:
а) благајнички записи на Република Хрватска
b) краткорочни преносливи должнички хартии од вредност со рок на достасување помал од 18 месеци и инструменти на паричниот пазар издадени од Република Хрватска, друга земја-членка или земја-членка на ОЕЦД
c) деривативни финансиски инструменти наведени во член 125, став 1, точка 18 од овој закон кои служат за заштита од ризикот од износот на гарантниот депозит.
(5) Средствата од гарантниот депозит што се чуваат на посебна трансакциска сметка кај депозитарот не можат да бидат предмет на извршување или осигурување против депозитарот, ниту пак таквите средства ќе бидат вклучени во средствата, или во стечајната или ликвидациската маса на депозитарот, или во стечајната или ликвидациската маса на пензиското друштво. ”

ЦЕЛ на воведување на овие поими:

Зголемена одговорност на пензиските друштва во поглед на успешноста на направените вложувања на средствата со кои располагаат, што директно влијае врз висината на идните пензии.

ЗАКЛУЧОК:

И постоечкото законско решение, како и Предлог Законот имаат членови кои се однесуваат на одговорност на пензиското друштво од аспект на

Секторот за интерна ревизија, одговорност пред Агенцијата за своето работење и сл., но потребно е воведување на уште еден т.н слој на заштита на идните пензионери, а се однесува на постоење на Загарантиран приход и Гарантен депозит, со што **пензиските друштва се директно одговорни за своето работење, пред за тоа да биде одговорен Буџетот на РС Македонија.**

Без воведување на овие поими во новиот Закон, работата на пензиските друштва се сведува на:

- следење на законските одредби за вложување на средствата

- фидуцијарна одговорност

- следење на нивната 7- годишна стратегија за вложување

- наплата на надоместоци

- исплата на дивиденда на нивните акционери

БЕЗ РЕАЛНА ФИНАНСИСКА ОДГОВОРНОСТ ЗА СВОЕТО РАБОТЕЊЕ.

3. Член 80 - Правилник за начинот и постапката на маркетинг на пензиски фондови

А) Состојби кои произлегуваат од постоечкиот Закон

Согласно членот 75 од постоечкиот Закон - лицата од став (3) не смеат да даваат погрешни и неточни информации за задолжителен пензиски фонд или за друштвото кое управува со тој фонд или информации кои можат да ги доведат во заблуда членовите и пензионираните членови на задолжителен пензиски фонд.

Согласно членот 80 - Агенцијата поблиску ги уредува начинот и постапката за маркетинг на задолжителните пензиски фондови.

Сепак, веќе 20 години годишните известувања што ги добиваат пензионерите за состојбата на својата индивидуална сметка или т.н Зелен плик, не ја содржи информацијата за тоа колку изнесува Надоместокот за управување во МКД (денари), туку само стои - Надоместок за управување од 0,03% на месечно ниво.
Тие 0,03% на месечно ниво се всушност 0,36% на годишно ниво и согласно Точката 1. од овој документ претставуваат најзначајна ставка на приход на пензиските друштва т.е најголем издаток од сметките на идните пензионери.

Со тоа што овој Надоместок не е изразен во сума на денари (за разлика од Надоместокот од придонеси кој е изразен во денарска сума), идните пензионери се доведени во заблуда дека тоа е некоја мала сума. Но, што подолго сте членови на вториот пензиски столб и колку повисоки придонеси издвојувате, и Надоместокот за управување значително расте.

Б) Состојби кои ќе произлезат од решенијата во Предлог Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување

Во новото законско решение нема промени на овој член, и претпоставката е дека нема да следи ниту промена на Правилник за начинот и постапката на маркетинг на пензиски фондови.

ЦЕЛ на доработка на член 80:

Идните пензионери треба целосно и недвосмислено да бидат информирани за износот на надоместоци што го плаќаат на пензиските друштва.

ЗАКЛУЧОК:

Останува нејасно зошто ова се провлекува со години, но секако МАПАС може веднаш и без одлагање да пристапи кон промена на Правилникот.

4. Независен член на Надзорен Одбор

А) Состојби кои произлегуваат од постоечкиот Закон

Во постоечкото законско решение не постои поимот Независен член на Надзорен Одбор

Б) Состојби кои ќе произлезат од решенијата во Предлог Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување

Во предлог Законот се воведува поимот Независен член со следниве одредби:

„ 14. „Независен член на надзорен одбор“ е физичко лице и со него поврзани физички лица, кое:
а) Во последните три години:
-немало материјален интерес или деловен однос со друштвото како деловен партнер или како раководно лице, член на управен одбор или член на надзорен одбор во деловниот партнер на друштвото, во вредност која просечно годишно надминува 3.000.000 денари;
- не е вработено и не е член на управен одбор и надзорен одбор на друштвото и
-не работи односно не работело во друштво за ревизија кое во тој период вршело ревизија на работењето на друштвото;
б) не е акционер со квалификувано учество во друштвото или не застапува акционер со квалификувано учество во друштвото. “

Во хрватскиот закон за пензиски друштва стои:

„ Владата на Република Хрватска, на предлог на министерот надлежен за пензискиот систем, ќе назначи едно лице во надзорниот одбор на секое пензиско друштво кое ќе биде претставник на членовите на пензискиот фонд и ќе ги застапува интересите на членовите на пензискиот фонд. “

ЦЕЛ на доработка на поимот Независен член:

Заради заштита на интересите на идните пензионери потребно е дефинирање на поимот Независен член во насока на одредување на неговата функција во Надзорниот Одбор на пензиските друштва.

ЗАКЛУЧОК:

Покрај тоа што една од основните задачи на Агенцијата е заштита на правата на идните пензисонери, сепак е добро да се дефинира уште еден слој на заштита преку функцијата Независен член на Надзорен Одбор во пензиско друштво.

5. Законски задолжително издвојување на парични средства од профитот на пензиските друштва за финансиска писменост на населението

<u>А) Состојби кои произлегуваат од постоечкиот Закон</u>

Во постоечкото законско решение не постои поимот Обврска за финансиска едукација

Маркетинг активностите на МАПАС и пензиските друштва не можат да се оценат како ефективни во поглед на финансиската едукација со оглед на тоа што значителен дел од населението сеуште не ги знае ни основните поими и нивни права поврзани со пензискиот систем, а бројот на пензиски огигурениции постојано расте.

<u>Б) Состојби кои ќе произлезат од решенијата во Предлог Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување</u>

Поимот Финансиска писменост не е воведен како посебен поим во новото законско решение.

Во хрватскиот закон за пензиски друштва стои:

„ Дел од приходите секоја година треба да се инвестираат во зајакнување на финансиската писменост на граѓаните на Република Хрватска во однос на индивидуалните капитализирани заштеди. "

„ (12) Обврската на пензиските друштва за испраќање известувања од став 9 на овој член се смета за дел од нивната обврска за зајакнување на финансиската писменост на граѓаните на Република Хрватска во врска со индивидуалните капитализирани заштеди од член 59 точка 22 од овој закон. "

ЦЕЛ на барањето:

Со воведување на барање за законско издвојување на средства за финансиска писменост, ќе се воспостави и систем на активности и пресметка на KPIs т.е ефективност на преземените активности.

ЗАКЛУЧОК:

Наместо префрлање на топката чија одговорност е финансиската писменост и декларативни залагања за истата, потребно е овие активности законски да се регулираат со што и нивниот ефект би бил загарантиран.

РЕЗИМЕ:

Поради фактот што хрватскиот и македонскиот пензиски систем се многу слични, и законските решенија во поглед на инвестициските портфолија кореспондираат во голема мера.

Наведените барања во Документов произлегуваат од хрватскиот закон за задолжителни пензиски друштва, во кој во голема мера се застапени членови кои се однесуваат на заштита на правата на идните пензионери, одговорност на пензиските друштва за своето работење (која не е само фидуцијарна), како и ограничување на нивните профити со Закон.

МАПАС има потпишано Меморандум за соработка со хрватската **ХАНФА, поради што во секој момент може да добие и техничка поддршка во креирањето на европски закон, кој содржи членови кои се однесуваат на доброто на сите засегнати страни:**:

„ И Ханфа и МАПАС се членки на IOPS (Меѓународна организација на супервизори на пензиски системи). Договорот ќе ја прошири размената на искуства и помошта на Република Северна Македонија во процесот на хармонизирање на регулаторната рамка и зајакнување на административниот капацитет со цел пристапување кон Европската Унија. **Посебен акцент ќе се стави на техничката помош преку програмите TAIEX и Twinning на ЕУ, каде што Ханфа може да обезбеди поддршка врз основа на своите минати искуства.**

Задоволни сме што Ханфа може да го сподели своето искуство од пристапувањето кон Европската Унија и да ѝ помогне на МАПАС да го затвори **важното поглавје поврзано со финансиските услуги со најдобар можен квалитет и навреме**. **На овој начин, Република Северна Македонија може полесно да ги усвои идните регулаторни иницијативи од Европската Унија, така што пензискиот систем ќе остане одржлив на долг рок и ќе обезбеди повисоки пензии во иднина.** За жал, двете земји имаат слични предизвици поради континуираното демографско стареење на населението. Верувам дека преку оваа соработка, со целата наша техничка помош, конструктивно ќе отвориме дополнителни теми и заеднички предлози со цел да го стимулираме растот на приватното пензиско штедење“, изјави Анте Жигман, претседател на Управниот одбор на Ханфа.

Ханфа ја препознава својата улога како клучен партнер во регионот и обезбедува техничка помош на други надлежни органи задолжени за финансиски услуги во Република Северна Македонија. „

Благодарам на вниманието!

Контакт:

Билјана Јованоска

email: **biljana.obsg@gmail.com**

web: **https://sakampenzija.mk/**